03-620/1
24.01.2025

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)

Архивски знак: Shenja arkivore: _____
Рок на чување: Afati i ruajtjes: _____
_____20____ година viti _____ Потпис Nënshkrimi

Министерство за култура и туризам
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61,
Телефон: (02) 3240-555,
Електронска пошта :info@kultura.gov.mk

-службеното лице за посредување со информации од јавен карактер – Ана Кардула, го подготви следниот:

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
(од 01.01.2024 до 31.12.2024)

1.Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации:

- Сибела Алимовска, електронска пошта sibella.alimovska@kultura.gov.mk, тел.076 653-983;
- Ана Кардула, електронска пошта ana.kardula@kultura.gov.mk, тел. 02 3240-644.

2. Број на примени барања – **41;**

3. Број на позитивно одговорени барања **35;**

Во вкупниот број на позитивно одговорени барања се сметани и 2 барања кои согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информаци од јавен карактер се препратени на надлежност до друга институција, а барателот на информацијата беше соодветно известен.

Исто така **2 барања се делумно прифатени**.

Едно барање е повлечено.

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање – **2 одбиени барања** и тоа:

Барање бр. УП1 03-718/2024 од 22.01.2025 година од Бисера Костадиновска Стојчевска. Министерот за култура и туризам донесе Решение со кое се одбива барањето на барателот врз основа на член 20 став (1) и врз членот 6 точка 5) и ставот (2) како и врз членот 3 став (1) алинеја 2 а повикувајќи се на ставот 4 од истиот член од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Барање бр. УП1 03-666 од 06.09.2024 година од Бисера Костадиновска Стојчевска со кое бара од страна на Министерството за култура и туризам како имател на информации од јавен карактер да му бидат доставени преписи од целокупната документација за сите службени патувања (патни налози, сметко потврди, сметки, фактури, карти од патувања со соодветен доказ за плаќање на истите и извештаи за

службените патувања со сите прилози) за периодот од месец јануари 2022 година заклучно со месец мај 2024 година, што претставува период на обавување на функцијата Министер во Министерство за култура на РСМ.
Од страна на службенот лице за посредување со информации од јавен карактер е направен е тест за штетност кои според членот 6 точка 4 и став 2 и 3 од истиот член од Законотот за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое се одбива барањето поради покренување управни постапки пред Министерство за внатрешни работи предмет бр. 44-7027/4 од 06.09.2024 година и Државната комисија за спречување на корупција предмет бр. 40-7874/1 од 29.08.2024 година чие давање би имало штетни последици за текот на постапката. Од страна на министерот за култура беше донесено Решение предмет бр. УП1 03-666 од 03.10.2024 година со кое се одбива барањето.

5. Број на неодговорени барања - **3;**

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) – **9;**

Жалба бр. 08-201 од 04.07.2024 изјавена од страна на Институт за демократија и економски анализи преку полномошник Илир Османи против Министерството за кутлура и туризам до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Агенцијата донесе Решение со кое жалбата СЕ УВАЖУВА, Решението на имателот на информации УП1 бр.03-547 од 01.07.2024 година СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган.

Министерството за култура и туризам постапувајќи по жалбата, а согласно Решението на Агенцијата со кое жалбата изјавена од Институт за демократија и економски анализи преку полномошник Илир Османи против Министерството за кутлура и туризам СЕ УВАЖУВА донесе Решение со кое на Барателот на информацијата му ги даде бараните информации.

По поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер предмет бр. УП1 03-849/2023 од 31.08.2023 од страна на лицето Томи Салковски преку застапник/полномошник Адвокатско Друштво Доневски УП1 бр. 03-849/2023 од 31.08.2023 со кое се бара податок за вкупно исплатени средства од Министерство за култура на лицето Милчо Манчевски и по кој основ, како и податок за вкупно исплатени средства од Министерство нза култура на лицето Милчо Манчевски за проектите "Мајки", "Сенки", "Врба". Министерството за култура по увидот во евиденцијата и документацијата со која располага, како имател на информации донесе Решение предмет бр. УП1 03-849/2023 од 12.01.2024 со кое го уважи барањето и во законски предвидениот рок му ги достави бараните информации на барателот.

Незадоволен од донесеното Решение од страна на министерот за култура и туризам предмет бр.УП1 03-849/2023 од 02.07.2024 година по доставението барани информации, подносителот на барањето Томи Салковски преку застапник/полномошник Адвокатско Друштво Доневски поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер заведена во Агенцијата под **бр. 08-56/1 на 01.02.2024 година** по предметот 08-351 од 22.09.2023 со тоа што го поништи решението од страна на Министерството за култура УП1 бр. 03-849/2023 од 12.01. 2024 година со тоа што како имател на информацијата се задолжува да му ја достави бараната информација на барателот во рок од 15 дена и да ја извести Агенцијата.

По примената жалба од страна на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер бр. 03-849/23 од 02.07.2024 година, министерот за култура и туризам го донесе следното Решение за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер предмет бр. УП1 03-849/2023 од 31.07.2024 година со кое барањето поднесено од страна на барателот Томи Салковски преку застапник/полномошник Адвокатско Друштво Доневски од Скопје, претставувано од адвокат Владимир Доневски УП1 03-849/1 од 31.08.2023 година делумно се уважува. Постапувајќи по жалбата на Агенција, Министерството за култура и туризам ги достави бараните информации до подносителот во предвидениот рок.

По донесеното Решение од страна на министерот за култура предмет бр. УП1 бр. 03-849/23 од 31.07.2024 година, од страна на Томи Салковски преку застапник/полномошник Адвокатско Друштво Доневски поднесена е жалба бр. **УП1 03-849/2023 од 26.08.2024** година до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во законски утврдениот рок со тоа што Агенцијата ја уважи и донесе Решение предемет бр. УП1 03-849/23 од 11.09.2024 година со кое се задолжува имателот на информации да му ја достави бараната информација на барателот во рок од 15 дена од приемот и да ја извести Агенцијата.

Постапувајќи по решението на Агенцијата, Министерството за култура и туризам се произнесе по истата и ја достави целокупната документација со која располага во врска со предметната Жалба, и на Барателот на информацијата му ги даде бараните информации.

Повторно незадоволен од образложението на донесеното Решение предмет бр. УП1 бр. 03-849/23 од 31.07.2024 година, подносителот на барањето Томи Салковски од Скопје преку Адвокатско друштво Доневски поднесе Жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер заведена во Агенцијата под бр**. 08-351 на 26.08.2024 година** донесе Решение предмет бр. УП1 бр. 03-849/23 од 11.09.2024 година со кое се уважува жалбата изјавена од подносителот на барањето, оспореното решение го поништи и предметот го врати на повторно разгледување пред првостепениот орган, како и истото да го спроведе во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и да ја извести Агенцијата.

По поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на Бисера Костадиновска – Стојчевска од Битола со адреса на живеење на ул. Лазо Трповски бр. 5 во Битола предемт бр. УП1 03-666 од 06.09.2024 година со која бара од страна на Министерството за култура и туризам како имател на информации од јавен карактер да му бидат доставени преписи од целокупната документација за сите службени патувања (патни налози, сметко потврди, сметки, фактури, карти од патувања со соодветен доказ за плаќање на истите и извештаи за службените патувања со сите прилози) за периодот од месец јануари 2022 година заклучно со месец мај 2024 година, што претставува период на обавување на функцијата Министер во Министерство за култура на РСМ.

Од страна на службенот лице за посредување со информации од јавен карактер е направен е тест за штетност кои според членот 6 точка 4 и став 2 и 3 од истиот член од Законотот за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое се одбива барањето поради покренување управни постапки пред Министерство за внатрешни работи предмет бр. 44-7027/4 од 06.09.2024 година и Државната комисија за спречување на корупција предмет бр. 40-7874/1 од 29.08.2024 година чие давање би имало штетни последици за текот на постапката. Од страна на министерот за култура беше донесено Решение предмет бр. УП1 03-666 од 03.10.2024 година со кое се одбива барањето.

Незадоволна од донесеното решение, подносителот на барањето Бисера Костадиновска – Стојчевска поднесе Жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер заведена под **бр. 08-269 од 04.10.2024 година** која му се уважува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепниот орган а Решението на Имателот на информации предмет број УП1 03-666 од 22.10.2024 година се поништува со тоа што имателот на информации е должен да го спроведе решението во рок од 15 дена од денот на неговиот приемот и за истото да ја извести Агенцијата.

Министерството за култура и туризам во одредениот предвиден рок донесе ново Решение предмет бр. УП1 од 03-666 од 02.12.2024 со кое се одбива Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Бисера Костадиновска – Стојчевска предмет бр. УП1 03-666 ОД 22.10.2024 година како и Решението за изменување и дополнување предмет бр. 08-269 од 17.10.2024 година, повикувајќи се на членот 6 точка 4 како и член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Незадоволна од донесеното Решение од страна на Имателот на информации – Министерство за култура и туризам предмет бр. УП1 бр. 03-666 од 02.12.2024 година, барателот на информации Бисера Костадиновска Стојчевска изјави жалба против решението по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер предмет **број 08-269 на 23.12.2024 година** со тоа што Агенцијата донесе Решение предмет број УП1 03-666/2024 година од 15.01.2025 година со кое се уважува жалбата против решението на министерството за култура и туризам со кое се поништува решението на имателот на информации од 02.12.2024 година и се

задолжува да го спроведе решението во рок од 15 дена од денот на прием и да ја извести Агенцијата.
Во меѓувреме подносителот на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер Бисера Костадиновсја - Стојчевска поднесе ново барање до Министерство за култура и туризам предмет бр. УП1 03-718 од 23.12.2024 година со кое бара да му бидат доставени преписи од целокупната документација за сите службени патувања (патни налози, сметко потврди, сметки, фактури, карти од патувања со соодветен доказ за плаќање на истите и извештаи за службените патувања со сите прилози) за периодот од месец јануари 2022 година заклучно со месец мај 2024 година, што претставува период на обавување на функцијата Министер во Министерство за култура на РСМ.Министерот за култура и туризам донесе Решение предмет бр. УП1 03-718/2024 од 22.01.2025 година со кое се одбива барањето на барателот врз основа на член 20 став (1) и врз членот 6 точка 5) и ставот (2) како и врз членот 3 став (1) алинеја 2 а повикувајќи се на ставот 4 од истиот член од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата – **6;**

8.Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата-**3;**

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање – **нема;**

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање **1;**

Жалба бр. 08-25 од 12.02.2024 изјавена од страна на Влатко Атанасоски од Прилеп против Министерството за кутлура до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во која е образложено дека не добил одговор на поднесеното барање за пристап до информации од јавен карактер. Агенцијата ја ОТФРЛИ жалбата како недопуштена од причина што воочи дека во прилог на истата доставено е барање кое е насловено до Општина Прилеп, додека во жалбата стои дека Барањето е поднесено до Министерството за култура што истата ја прави недопуштена.

Скопје, 23.01.2025 г.

МИНИСТЕР
Зоран Љутков

Подготвиле: Ана Кардула, службено лице
Сибела Алимовска, службено лице

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut * МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ - MINISTRIA E KULTURËS DHE E TURIZMIT * Скопје-Shkup